РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1411/4

19-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-1411/1 од 01.04.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за понатамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1411/1 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1411/1 од 01.04.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени општи наводи кои се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена постапка за вработување во /// на лице кое не ужива интегритет во околината. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени докази.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација од горе горенаведениот субјект, кој извести дека за конкретниот случај не е склучен договор за вработување со посоченото лице во пријавата, поради интерните процедури на ///, кои сеуште биле во тек.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**